Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 06.12.2023

На 05.12.2023 во 06.30 часот во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип ги лишиле од слобода И.В.(34) од Штип и Л.М.(55) од Велес. При претрес во домот на И.В., извршен со судска наредба, во кој бил затекнат и Л.М., биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, кафеава грутчеста материја, бела прашкаста материја, предмети со остатоци од бела материја, дигитална вага и други предмети поврзани со делото. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.12.2023 во 16.25 часот од страна на полициски службеници од СВР Скопје – Полициско одделение Сарај, поточно во близина на езерото Треска, приведен е Л.В.П.(59), полски државјанин. Тој бил затекнат со патничко возило „мерцедес", со полски национални ознаки, а при извршена проверка било констатирано дека нема пријавен престој во државата, додека при преглед во возилото била пронајдена поголема количина на лекови во форма на таблети без соодветна документација за потекло и за нивен транспорт. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчеравечер (05.12.2023) околу 20.00 часот во Тетово го лишиле од слобода 47-годишниот А.Е. од Тетово. При претрес извршен во неговиот дом на 22 минатиот месец, на кој А.Е. не бил присутен, бил пронајден хероин. Инаку, тој со судска наредба и по распишана потерница се барал и за издржување затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Куманово. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот.

На 05.12.2023 во 20.20 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.К.(24) од скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Вчеравечер (05.12.2023) околу 23.40 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 20 - годишниот тетовец А.Л., затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 05.12.2023 во 22.20 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода А.Р.(42) од Косово, затоа што по извршена контрола и проверка било констатирано дека се барал со меѓународна потерница од Интерпол. Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 194 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина седум санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, две санкции за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, 17 мерки за некористење на сигурносен појас...

Во текот на вчерашниот ден (05.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 102 возачи. Од нив, шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 36 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 66 надвор од населено место.

На 05.12.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Центар, С.К.П.(46) од Скопје пријавила дека на ул.„Јордан Мијалков" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 05.12.2023 во 21.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Кузман Јосифовски-Питу" во Скопје, патничко возило удрило во електричен тротинет, управуван од Е.М.(32) од Берово, по што го напуштило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Е.М., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.12.2023 19.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.М.(35) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

На 05.12.2023 околу 14.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Брегалничка" во Штип се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо", управувано од С.Т.(78) од Штип и товарно возило „ман", управувано од Д.Н.(64) од Пробиштип, двете со штипски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот на возилото „пежо" и неговата сопатничка Ц.Т. (77) од Штип, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Штип.

На 05.12.2023 во 09.10 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Г.А.(37) од Скопје пријавил дека во населбата Стопански двор бил каснат од куче скитник.

На 05.12.2023 од страна на Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за општ и насилен криминал, во содејство со СВР Куманово - ОВР Крива Паланка, лишен е од слобода С.Д.(27) од Крива Паланка. Тој се сомничи дека сторил кривично дело „убиство" врз М.Д. (76) од Крива Паланка, предвидено и казниво по чл.123 од Кривичниот законик.Имено, на 21.11.2023, по извршена обдукција на телото на М.Д., кој бил пронајден починат во својот дом на 20.11.2023, во Институт за судска медицина и криминалистика Скопје било констатирано дека станува збор за насилна смрт, по што веднаш се преземени комплексни оперативно-тактички мерки и активности за расчистување на случајот. Притоа, извршени се претреси во дом и други простории, разговори со повеќе лица, обезбедени се материјални докази, а осомничениот е пронајден и приведен во полициска станица, каде во службен разговор тој во целост го појаснил извршеното тешко кривично дело. За случајот сочинета е кривична пријава по брза постапка, која е доставена до ОЈО Куманово и С.Д. е изведен пред Основен суд Куманово.

На 05.12.2023 од 08.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на возилата, пред се на нивната техничка исправност. При контролата биле откриени и 5 возила (ТЕ-3 и ГВ-2) со неисправни сопирачки, 1 (ТЕ) со неисправни други системи, 5 возила (ТЕ-2 и ГВ-3) кои не поседувале адекватна зимска опрема и 2 со истечена регистрација (ТЕ-1 и ГВ-1). Сите технички неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќај и на возачите им се изготвени предвидените поднесоци со паричні глоби кои, зависно од видот и карактерот на утврдениот прекршок, се движат од 50 до 400 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, санкционирани се и 5 лица кои ги управувале возилата без соодветна дозвола (ТЕ-4 и ГВ-1), 2 возачи-почетници (ТЕ-1 и ГВ-1) кои не се придржувале на законските ограничувања за оваа категорија возачи, 1 возач (ТЕ) со впишана забрана за управување, 1 возач (ТЕ) поради неносење на возачка дозвола, како и 4 (ТЕ) кои непропрописно, односно погрешно ги паркирале возилата. Санкционирани биле и 4 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-3).

На 05.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 14 прекршоци од кои 8 надвор од населено место и 6 во населено место. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 1 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 5 за управување возило без возачка дозвола, 4 за некористење сигурносен појас, 7 за непропрописно паркирање и 1 за непропрописно вградени фолии.

На 05.12.2023 во 06.15 часот во ОВР Кичево е пријавено дека на локален пат за кичевското село Бигор Доленци, патничко возило „мерцедес" со австриски национални ознаки излетало од патот, а возачот бил без знаци на живот. Од увидот, извршен по наредба на јавен обвинител, констатирано е дека станува збор за Е.Л.(49) од селото Лисичани, а смрт констатирал лекар од Илната медицинска помош. По завршената обдукција било утврдено дека смртта кај возачот настапила пред несреќата.

На 05.12.2023 во 19.00 часот во Полициската станица Аеродром бил извршен службен разговор со Р.Б.(18) од с.Св.Петка, скопско. Според пријавеното, околу 17.30 часот на ул. „Трета македонска бригада" во Скопје тој со пиштол му се заканил на У.Р.(22) од Скопје. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против И.Д.(23) и А.Х.(24), двајцата од с. Конче, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 17.09.2023, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, кое го управувал второпријавениот, а во кое бил првопријавениот и уште две лица, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 04.12.2023 во 18.29 часот во СВР Скопје, 45 - годишен маж од Скопје пријавил дека на 02.12.2023 околу 21.00 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од неговата поранешна вонбрачна партнерка В.С.. Според пријавеното, за да се одбрани, тој ја турнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Н.(43) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување" и „фалсификување службена исправа". На 24.12.2018, во својство на раководител на заеднички служби на ЈЗУ Општа болница – Охрид, пријавениот лично за себе прибавил корист на начин што направил службена исправа со невистинита содржина, при што внел невистинити податоци во Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Општа болница - Охрид и ги употребил во службата како вистинити, а на штета на буџетот на Министерството за здравство на РСМ.

На 05.12.2023 во 17.20 часот во СВР Скопје, А.Ц.(50) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.12.2023 година во 15.40 часот во Полициската станица Радовиш, М.К.(62) од Радовиш пријавил дека на ул.„Шаин Маале" во Радовиш бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против К.Г.(22) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 07.11.20023 во казино во Делчево, пријавениот агресивно се однесувал кон двете вработени, по што го искршил стаклото од влезната врата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Џ.И.(22) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 12.10.2023 на Градскиот плоштад во Кочани, пријавениот со мотоцикл удрил во возило, по што и физички го нападнал возачот на возилото.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Д.(63) од Охрид, со престој во Холандија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Без да поседува одобрение за градба, издадено од надлежен орган, пријавената изградила објект за времено сместување.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет